**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ -

УП бр.1310-36
Бр.на постапка 54716
од 10.07.2024 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**
**За организирање на јавен увид по**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на крак на фекална канализација во населба Превалец, Општина Велес.

Границата на проектниот опфат се движи:

- Проектниот опфат припаѓа на КО Оризари вон град и КО Велес и опфаќа дел од следните КП 18146 и КП 345/1, односно јужно започнува да се движи во КП 3451/1 и продолжува кон североисток навлегувајќи во КП 18146.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1418,64 $м^2$.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на крак на фекална канализација во населба Превалец, Општина Велес, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 10.07.2024 до 24.07.2024 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk). Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев